**Известување за концентрација со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград има намера да стекне непосредна поединечна контрола над НОВА ТЕЛНЕТ ЖИЧЕНИ И КАБЕЛСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДОО ПОРОДИН (предмет бр. 08-129/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 03.09.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, со седиште на ул. Таковска бр. 2 Белград, Србија има намера да стекне непосредна поединечна контрола над НОВА ТЕЛНЕТ ЖИЧЕНИ И КАБЕЛСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДОО ПОРОДИН, со седиште на ул. Породин бб, Породин, Република Србија.

Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Поврзани лица на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград на територијата на Република Северна Македонија се:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.
- Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. *Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје* е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.
- Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје“), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

НОВА ТЕЛНЕТ ЖИЧЕНИ И КАБЕЛСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДОО ПОРОДИН е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги.
НОВА ТЕЛНЕТ ЖИЧЕНИ И КАБЕЛСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ДОО ПОРОДИН нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар во предметната концентрација да биде малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет.

Подносителот на известувањето предлага како географска димензија на релевантниот пазар во предметната концентрација да се одреди територијата на Република Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.09.2025 година
Скопје